Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр.58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници што ја следат наставата на српски и босански јазик за **VII** одделение

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

## што ја следат наставата на српски и на босански јазик

**за VII одделение**

Скопје, 2020 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик за учениците од другите заедници што ја следат наставата на српски и на босански јазик |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Одделение** | VII |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 3/108 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ ученичката:<br>- да се оспособи за разбирање и зборување на зададени теми од секојдневниот живот;<br>- да се оспособи за читање со разбирање на други текстови на македонски јазик и доживување на литературни дела и други текстови на македонски јазик;<br>- да го применува македонскиот јазик во улога на слушател, раскажувач или соговорник;<br>- правилно да го користи македонскиот јазик во различни комуникативни ситуации (усно или писмено)<br>- да се здбобие со основни компетенции за користење на речник и јазични прирачници на македонски јазик; |
| **Јазични вештини** | Слушање<br>Зборување<br>Читање<br>Пишување |
| **Наставни подрачја** | Јазик<br>Литература и лектира<br>Изразување и творење<br>**ЗАБЕЛЕШКА:** Поради поголема прегледност во Програмата наставните подрачја се дадени одделно, во наставата тие се тесно поврзани. Една синтаксичка конструкција, јазичен модел, се вежбаат на тематски најпогоден материјал, а во работата се испреплетуваат сите четири јазични вештини. |

| | |
|---|---|
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br><br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици, наставна насока, VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ);<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС ;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС ;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици, друга насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност, друга насокаVII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС, со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, друга насока VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- -Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, со македонски јазик друга насока, VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција;<br>- Двопредметни студии, наставна насока:македонски јазик и англиски јазик, македонски јазик и германски јазик и македонски јазик и француски јазик VII/1 степен или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- -Општа и комапративна книжевност, македонски јазик и книжевност, друга насока VII/1 степен, VIA според МРК т.е. 240 кредити ЕКТС со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високо образовна институција. |

| | | |
|---|---|---|
| **ГРАМАТИЧКА СТРУКТУРА** | Фонетика<br>Поделба на гласовите во македонскиот гласовен систем (самогласки и согласки); самогласно р<br>Акцентот на сложените зборови во македонскиот стандарден јазик<br><br>Морфологија<br>Именки<br>Граматички категории кај именките - определеност<br>Видови множина кај именките<br><br>Заменки<br>Граматички категории кај заменките-род, број и лице (род, број и лице кај лични, лично-предметни и показни заменки)<br>Придавки<br>Видови придавки-бројни придавки и заменски присвојни придавки<br>Граматичка категорија определеност кај придавките<br><br>Глаголи<br>Граматичка категорија вид кај глаголите: свршени и несвршени глаголи<br>Сегашно време (Презент) значење и употреба на сегашното време<br>Идно време – значење и употреба<br>Минато определено несвршено време (Имперфект) –образување и употреба<br>Минато определено свршено време (Аорист) –образување и употреба<br><br>Синтакса<br>Граматичка структура на реченицата- основен член на реченицата прирок -видови прирок (глаголски и глаголско-именски)<br>Неопходни реченични членови: предмет и прилошки определби<br>Видови реченици според состав: проста и сложена<br><br>Правопис<br>Пишување со голема почетна буква на првиот збор (институции, објекти, административни единици)<br>Пишување со голема буква на заменски форми и титули без име во писмено обраќање<br>Обележување на директен и индиректен говор | |

**Забелешка:** Наставните содржини од делот Граматичка структура треба да се реализираат постапно со многу примери, соодветно обмислени. Барањата и задачите треба да бидат разнолични при што ќе се овозможи корелација со мајчиниот јазик и користење на претходно усвоени знаења.

| **Ред. број** | **Резултати од учење**<br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување на постигањата**<br>**Ученикот/ученичката може да:** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Јазик** | | | |
| 1.1. | -прави разлика помеѓу самогалска и согласка;<br>-правилно да ги изговара согласките кои се различни со мајчиниот јазик;<br>- ја открие слоготворната функција на самогласките;<br>- го разликува слоготворното и неслоготворното р. | Фонетика<br>Поделба на гласовите во македонскиот гласовен систем (самогласки и согласки); самогласно р | -Активности преку техниката Јазична игра.<br>-На секоја клупа се дава лист со текст во кој учениците ги откриваат самогласките и согласките:ѕ,л,љ,ќ,ѓ. Потоа гласно ги изговараат.<br>-Учениците изработуваат наставни ливчиња со примери на зборови со слоготворна функција на самогласките. Во одредена временска рамка работат,потоа ги разменуваат меѓу себе и ги обележуваат точните и неточните одговори.<br>-Се прави ранг листа на препознавање на самогласно р според трите правила во кои р се јавува како носител на слог. | 1.1.1. – прави разлика помеѓу самогласки и согласките;<br>1.1.2. – ги изговара правилно согласките: ѕ, л, љ, ќ, ѓ;<br>1.1.3.- ја поврзе слоготворната функција на самогласките;<br>1.1.4.- ја идентификува слоготворната функција на согласката р- го разликува слоготворното и неслоготворното р. |
| 1.2. | - акцентира сложени зборови според правилата за акцентирање на македонскиот јазик; | Акцент<br>Акцентот на сложените зборови во македонскиот стандарден јазик | -Вежби за правилно акцентирање на зборовите (двосложни, трисложни и повеќесложни зборови). | 1.2.1- ги акцентира правилно сложените зборови;<br>1.2.2. – го бележи правилно акцентот на зборовите;<br>1.2.3. – раликува зборовен од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | -Вежби за откривање на зборовен и реченичен акцент. | реченичен акцент. |
| 1.3. | - разликува определена од неопределена именка во реченица или текст;<br>-го комбинира оптштото определувањесо пространсвеното значење;<br>-ги разликува видовите множина кај именките. | Именки<br>Граматички категории кај именките-определеност;<br>Видови множина кај именките. | -Наставникот прави шема со различни именки,а учениците ги пронаоѓаат определените именки и ги подвлекуваат членските наставки.определуваат кој вид множина се именките.<br>-Од дадени именки учениците прават реченици и ги подвлекуваат. | 1.3.1.- ги препознава членуваните именки во дадена реченица или текст;<br>1.3.2. – прави разлика кај именките што покажуваат различно пространсвеното значење;<br>1.3.3. – ги користи различните видови множина кај именките (обична, избројана и збирна). |
| 1.4. | - ги открива различните видови придавки (бројни придавки и заменски присвојни придавки);<br>-го применува правилото за граматичка категорија определеност кај придавките. | Придавки<br>Видови придавки-бројни придавки и заменски присвојни придавки<br>Граматичка категорија определеност кај придавките | -Учениците опишуваат одреден предмет,суштество со помош на придавки.<br>-Активности преку кои учениците ги определуваат бројните и заменските присвојни придавки, а потоа ги класифицираат истите.<br>-Активности преку техниката Синџир на зборови. Образуваат именска група со помош на придавки. | 1.4.1 - ги открива бројните придавки;<br>1.4.2. - ги разликува заменски присвојните придавки од другите видови придавки;<br>1.4.3. - ги употребува придавките во соодветна форма во состав со именска група. |
| 1.5. | -ги користи заменките во своите искажувања во соодветно лице, род и број; | Заменки<br>Граматички категории кај заменките-род, број и лице (род, број и лице кај лични, лично-предметни и показни заменки) | -Вежби во кои се дадени реченици со заменки. (Чиј е овој велосипед?Драгана ја прочита оваа книга. Тие дојдоа кај нас на гости.)<br>-Вежби за определување на граматичките категории кај заменките | 1.5.1.- ги користи правилно граматичките категории кај личните заменки;<br>1.5.2. – ги користи правилно граматичките категории кај лично-предметните заменки;<br>1.5.3. - ги користи правилно граматичките категории кај показните заменки. |
| 1.6. | -правилно го употребува сегашното време за дејства кои се одвиваат во моментот на | Глаголи<br>Граматичка категорија вид кај глаголите: свршени и несвршени глаголи | –Вежби за повторувањена свршени и несвршени глаголи.Учениците кажуваат примери на несвршени и | 1.6.1. - го разликува свршениот од несвршениот вид кај глаголите; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | зборувањето;<br><br>-правилно го употребува минатото определено свршено и несвршено време за дејства кои се одвивале пред моментот на зборувањето;<br><br>-корсти идно време за изразување дејства по моментот на зборувањето. | Сегашно време (Презент) значење и употреба на сегашното време<br>Идно време – значење и употреба<br>Минато определено несвршено време (Имперфект) –образување и употреба<br>Минато определено свршено време (Аорист) –образување и употреба | свршени глаголи и ги употребуваат во реченици.<br>-Активности преку јазична игра Синџир од зборови:Пр.почетна реченица: -Надвор врне...<br>Секој ученик се надоврзува со по една реченица во сегашно време.<br>-Вежби за идно време -во текст од учебникот пронаоѓаат глаголи во идно време и ги запишуваат во своите тетратки.<br>- Со Венов дијаграмучениците ги откриваат сличностите и разликите меѓу Минато определенонесвршено време и Минато определено свршено време. | 1.6.2.- ги трансформира несвршените глаголи во свршени и обратно;<br>1.6.3. – користи глаголи кои искажуваат дејство во сегашно време;<br>1.6.4. – користи глаголи кои искажуваат минато определено несвршено време;<br>1.6.5. - користи глаголи кои искажуваат минато определено свршено време;<br>1.6.6. – користи глаголи кои искажуваат дејства во идно време. |
| 1.7. | -ги препознава и ги разликува основните и неопходните реченични членови;<br><br>-употребува прости и сложени реченици во своите усни и писмени искажувања. | Синтакса<br>Граматичка структура на реченицата-основен член на реченицата прирок - видови прирок (глаголски и глаголско-именски)<br>– Неопходни реченични членови: предмет и прилошки определби<br>Видови реченици според состав: проста и сложена | -Вежби со со реченици и текст во кои учениците ги посочуваат подметите и прироците.<br>-Се анализираат видовите прирок.<br>-Активности преку кои учениците образуваат сложени реченици од прости реченици.<br>-Дополнување реченици со прилошки определби. | 1.7.1. - посочува прирок во личноглаголска форма како главен реченичен член;<br><br>1.7.2 - разликува глаголски од глаголско-именски прирок;<br><br>1.7.3. - разликува и употребува прилошки определби за место, време, начин;<br><br>1.7.4. - разликува и употребув директен и индиректен предмет;<br><br>1.7.5. - составува примери од прости и сложени реченици;<br><br>1.7.6. - составува примери во кои правилно ги употребува |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | основните и неопходните реченични членови. |
| 1.8. | - пишува со почитување на правописните правила;<br>- ја применува правилната употреба на интерпункциските знаци во обележување на директен и индиректен говор; | Правопис<br>Пишување со голема почетна буква на првиот збор (институции, објекти, административни единици)<br>Пишување со голема буква на заменски форми и титули без име во писмено обраќање<br>Обележување на директен и индиректен говор | -Вежби со примери каде има употребено правописни правила за пишување зборови со голема почетна буква.<br>-Учениците носат весници во кои пронаоѓаат примери на институции, објекти и слично и ги запишуваат во своите тетратки<br>-Учениците пишуваат свои искази во кои правилно ги обележуваат директниот и индиректниот говор, а потоа ги презентираат.<br>Методи: :метод на комуникација, илустративно-демонстративен метод, текст-метод, метод на игра. | 1.8.1. - пишува прости и сложени реченици користејќи ги правописните знаци;<br>1.8.2. - пишува реченици во индиректен говор почитувајќи ги правописните правила;<br>1.8.3. - пишува реченици со правилна употреба на голема буква;<br>1.8.4. - пишува директен говор почитувајќи ги правописните правила;<br>1.8.5.-пишува куси текстови правилно употребувајќи ги правописните и интерпункциските знаци. |

| **Ред. број** | **Резултати од учење Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување на постигањата**<br>**Ученикот/ученичката може да:** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Литература и лектира** | | | |
| 2.1. | -препознава лирски песни како посебен вид поетско творештво и разликува лирски песни според мотив;<br>-препознава елементи на поетски израз во лирски песни. | Лирика<br>Композиција на лирска песна<br>Мотив<br>Идеја на лирска песна<br>Лирски видови: љубовни песни,патриотски песни,описни песни (пејсажни)<br>Елементи на поетско изразување: епитет, компарација, ономатопеја | -Читање и рецитирање (правилен изговор на гласовите, правилно акцентирање на зборовите) на творби со различни мотиви;<br>-Класификација на песните според мотивите;<br>-Анализа на песните со различна композиција на песната (различен број на стихови)<br>Пр. работа во парови: едниот ученик го одредува мотивот, односно песната според мотивот, а другиот композицијата на песната (дистих, тристих, катрен);<br>-Вежби за одредување на идејата на творбата;<br>-Вежби за одредување на стилските фигури: епитет, компарација, ономатопеја;<br>-Пишување лични творби со употреба на епитет, компарација, ономатопеја со помош на игра, на пр. Каладонт (од кажаните зборови да напишат творба) | 2.1.1. – препознава лирски песни како посебен вид поетски творби;<br>2.1.2. – разликува мотиви во лирска песна ;<br>2.1.3. - препознава стилски изразни средства: епитет, компарација, ономатопеја;<br>2.1.4. - анализира структура на лирска песна;<br>2.1.5 .- рецитира изразно лирски песни;<br>2.1.6. - составува сопствени примери со примена на стилските средства;<br>2.1.7. - коментира идејна порака во лирска песна. |
| 2.2. | -презентира содржина на прозен текст и коментира за истата (ликови и постапки, порака);<br>-разликува драмски текст преку неговите одлики: монолог и дијалог; | Проза<br>Раскаж<br>Главени и споредни ликови<br>Басна<br>Драма | -Читање најразлични прозни текстови;<br>-Одредување главни и споредни ликови во текст;<br>-Читање по улоги;<br>Пр. учениците пишуваат драмски текст во кој има главни и споредни | 2.2.1. – раскажува прочитан текст;<br>2.2.2. – дефинира расказ како посебно прозно литературно дело;<br>2.2.3. -издвојува ликови и ги |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -прави разлика меѓу литературна творба и извештај. | | ликови;<br>-Читање басни;<br>-Вежби за разликување монолог и дијалог;<br>-Изведување на дијалог од творба (извадок) и пишување дијалог од секојдневна комуникација;<br>-пр. група ученици добиваат задача за изведување дел од некој дијалог од творба, а останатите ученици работат во парови, пишуваат дијалог на тема од секојдневието;<br>-Читање извадоци од соодветни драмски текстови;<br>-Вежби за препознавање и определување на етапите на драмското дејство;<br>-Слушање радиодрама;<br>(вежби за откривање на римуваните стихови во песните) | опишува;<br>2.2.4. – ја разликува драмата како литературна творба;<br>2.2.5. - бара атрибути на ликовите во расказ;<br>2.2.6. - коментира за ликовите и нивните постапки;<br>2.2.7. - разликува прозен од драмски текст дефинирајќи го и монологот и дијалото;<br>2.2.8. - кометира разлики на прозен и драмски текст;<br>2.2.9. - драматизира извадоци од драмски текстови и ја коментира нивната содржина. |
| 2.3. | - чита со разбирање прозен дискурс на македонски јазик; | Лектира<br>„ Големи и мали“ Бошко Смаќоски<br>„Збунети години“ Велко Неделковски | -Читање лектири;<br>-Раскажување настани по хронолошки редослед;<br>-Опишување на лик;<br>-Анализа на поетски творби;<br>-Работа во група (една група прави анализа на главните ликови, а друга група на споредни ликови);<br>-Дискутирање за содржината на творбите, ликовите, настаните;<br>-Објаснување на тема, мотив;<br>-Прераскажување;<br>-Определување на нараторот;<br>-Определување на род и вид на | 2.3.1. - раскажува настани по хронолошки ред;<br>2.3.2. - определува место и време на случувањата во романот;<br>2.3.3. - опишува ликови и коментира за нивните постапки;<br>2.3.4. - коментира за проблемските ситуации во литературното дело. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | творбата;<br><br>Методи: метод на коментар, метод на читање по улоги, метод на креативно пишување, | |

| **Ред. број** | **Резултати од учење Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување на постигањата**<br>**Ученикот/ученичката може да:** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | **Изразување и творење**<br><br>**Тематско-комуникациски целини**<br><br>Моето семејство<br><br>Мојот дом<br><br>Моето училиште (одделение, паралелка)<br><br>Растителен и животински свет<br><br>Сообраќајни средства<br><br>Празници (Нова година, верски празници, 8 Март, 2 мај)<br><br>Слободно време (хоби, спорт, забава) | | | |
| 3.1. | -искажува впечатоци, мисли, доживувања со јасни реченици, кои ќе ги поврзе во поголеми целини хронолошки или според значењето; | Разговор | -Водење разговори во најразлични ситуации (во училиште, во маркет, во воз, на гости и сл.)<br>-Разговор со употреба на зборови за културна комуникација;<br>Пр. водење импровизирани разговори „На автобуска постојка“<br>-Добар ден, госпоѓо!<br>-Добар ден!<br>-Се извинувам што Ви пречам, дали може да ми кажете колку е часот?<br>-Секако дека може. Во моментов часовникот покажуува 12 часот и 15 минути. | 3.1.1.- води разговор искажувајќи сопствени мисли и ставови;<br>3.1.2.- води разговор подредувајќи ги настаните хронолошки или според значење. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | -Ви благодарам!<br>-Молам!<br>-Пријатно и убав ден.<br>-Убав ден! Пријатно!<br>-разговор на одредена тема: „Настан во училиштето“ (Патрониот празник), Ликот (од прочитана книга) што ме воодушеви со неговите постапки“ и сл.; | |
| 3.2. | -раскажува текстови, настани и доживувања | Раскажување (усно и писмено)<br>Извештај | -Вежби за раскажување на доживеана случка („Како поминав за време на викендот?“, „ Мојата роденденска забава“);<br>-Даден почеток или крај на текст да се доврши;<br>-Вежби запишување извештај од посета на театарска претстава, библиотека, натпревар, кино и сл.; | 3.2.1. - раскажува сопствено доживување или настан;<br>3.2.2. - раскажува текст по даден почеток;<br>3.2.3. - раскажува текст со променет завршеток<br>3.2.4. – напише извештај од посета на: изложба, литературно читање, настан од училиштето, приредба. |
| 3.3. | - прераскажува усно и писмено | Прераскажување (усно и писмено) | -Прераскажување текст според даден почеток или крај;<br>-Вежби во парови: еден ученик раскажува, другиот го прераскажува;<br>-Прераскажување на театарска претстава, ТВ емисија, дел од прочитана лектира; | 3.3.1. - прошири и скрати текст при прераскажување;<br>3.3.2. - прераскаже текст според сопствен план; |
| 3.4. | - опишува внатрешен и надворешен простор;<br>-опшува ликови и личности од непосредната околина: близок од семејството, другарче... | Опишување (усно и писмено) | -Вежби за опишување лик и личност;<br>-Опис на предмети, појави и сл;<br><br>Методи:метод на комуникација,илустративно- | 3.4.1. – прави разлика во опишувањето ентериер и екстериер;<br>3.4.2. – портретира личност од својата непосредна околина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Две писмени работи | демонстративен метод,текст-метод | |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците се следи постојано и се врши континуирано во текот на наставата. За напредувањето учениците се известуваат тековно со цел секогаш да бидат информирани за своите постигања и да ја имаат предвид реалната состојба. Истото претставува обид да се стимулираат за понатамошно продлабочување на знаењата. Согласно спецификите на програмата по предметот македонски јазик за заедниците, оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма при што комуникативната компонента ќе биде особено истакната. Формите за усна проверка на знаењата се состојат од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања и водење кратки дијалози.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита вежби во совладување на читањето со разбирање, толкување на прочитаното и усвојување на граматички структури.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината. |
| **Литература и други извори** | Учебник одобрен од министер за образование и наука (сликовница со прирачник за наставникот за реализација на програмските активности, дел за почетно читање и пишување на печатни и ракописни букви), интерактивнатабла, Интернет (образовнисофтвери, веб-страници), мобилниапликации. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/ носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр.** 12-5971/7<br>17.8.2020 **година**<br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. Arbër Ademi** |
| **Датум на ревизија** | |